Врз основа на член 22 став 1 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр 5/02 ) и Програмата за образование во Општина Битола за 2024 („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 19/23 од 28.12.2023 година ), Општина Битола објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

за доделување на награди за наградени ученици во основни и средни училишта

## Предмет на повикот

Предмет на Јавниот повик е прибирање на пријави за доделување на еднократна финансиска награда за ученици од основните и средните училишта во Општина Битола во учебната година 2023/2024.
Наградите ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Општина Битола за 2024 година согласно Програмата за образование на Општина Битола за 2024 година.
Наградите на избраните наградени ученици ќе бидат доделени во рамките на празнувањето на патронот на Општина Битола, денот на Свети Нектариј Битолски.

## Критериуми за аплицирање:

**Категорија:** Математика и природна група на предмети, македонски јазик, странски јазици, општествена група на предмети, ликовна уметност и земјоделски науки

Право на поднесување на пријава за наградени ученици од основните и средните училишта во Општина Битола имаат кандидатите кои:

- се редовни ученици во основно или средно училиште во Општина Битола;
- **награди за поединечно прво, второ или трето рангирани од листа на учесници на државен натпревар** ( да се достави прилог од листата на учесници);
- **прва, втора или трета награда на меѓународен натпревар** (напомена: Кенгур не е меѓународен натпревар) доказ за најмалку 5 земји учеснички и да не се спроведуваат по електорнски пат на далечина, за учебната 2023/2024 година;
- натпреварите да бидат организирани од акредитирани здруженија;

**Категорија:** Музичка уметност

Право на поднесување на пријава за наградени ученици од основните и средните училишта во Општина Битола имаат кандидатите кои:

- се редовни ученици во основно или средно училиште во Општина Битола;
- **награди за поединечна освоена специјална или прва награда на државен натпревар (прво рангиран на листа на учесници );**
- **награди за поединечна освоена специјална или прва награда на меѓународен натпревар (прво рангиран на листа на учесници)**, доказ за учество на најмалку 5 земји учеснички и да не се спроведуваат по електорнски пат на далечина за учебната 2023/2024 година;
- натпреварите да бидат организирани од акредитирани здруженија;
- **онлајн натпревари и натпревари од комбиниран вид (во живо и онлајн) не се земаат предвид.**

## Потребна документација за пријавување

Учениците кои поднесуваат своја пријава во рамките на овој повик потребно е да достават:

- пополнета Пријава (достапна на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk или на шалтер во Општина Битола),
- копија од извод од матична книга на родени од кандидатот,
- копија од трансакциона сметка и лична карта на ученикот/ родителот/ старателот доколку ученикот не поседува,
- потврда за редовен ученик,
- копија од диплома за освоена награда,
- Ранг листа од одржаните натпревари ( за државни и меѓународни натпревари испечатена бодовна листа од резултати, доказ за учество на најмалку 5 земји учеснички или веб страна од натпреварот ),
- потврда за постигнат општ успех (свидетелство копија),
- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и изјава потпишана од родител-старател за согласност за обработка на личните податоци на кандидатот.

**Висина на наградата** ќе изнесува 5.000 ден за освоено место на државен натпревар и 6.000 ден за освоено место на меѓународен натпревар.

**Поднесок на пријави**

Сите заинтересирани ученици кои ги исполнуваат условите на овој повик можат да поднесат пријава заедно со потребната документација во рамките на овој повик не подоцна од 31.10.2024.

**Еден ученик има право да поднесе само една пријава за натпревар по свој избор, ако има освоено награди на повеќе од еден натпревар во повеќе од една област.**
Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса:
Општина Битола, Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ; Булевар „1-ви Мај“ бр.61; (со назнака – Пријава за јавен повик за наградени ученици во основни и средни училишта).
Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.
Пријавите со нецелосна документација нема да бидат разгледувани.

**Доделување на награда**

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по изработка на ранг листа на апликантите од страна на Комисијата за оценување на апликациите за распределба на средствата од Буџетот на Општина Битола за 2024 год.
Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: popovskan@bitola.gov.mk и тел: 047-208-338

Бр. 41-233/1
10.10.2024 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коцановски